# ПРИЛОГ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА TABULA PEUTINGERIANA НА ДЕЛНИЦАТА SCUPI—STOBI

## I

Со рекогносцирање и убицирање на станици на античниот пат Stobi — Scupi се занимавале и порано некои странски и наши научни работници. Во 20-ите години на XX век српскиот археолог Никола Вулиќ, ги прикажал и оценил дотогашните настојувања за распоредување на станиците од Tabula Peutingeriana помеѓу денешните населби Скопје и Градско[1]). Н. Вулиќ пишувајќи за скупската територија, т. е. за северната граница на Scupi дал и своја варијанта на реконструкција за релацијата Stobi—Scupi. Притоа тој ја коригирал поправката што ја направил K. Miller во научниот труд „Itineraria Romana". Споредувајќи ги обете коректури, се забележува дека и двајцата научни работници еднакво ги распоредуваат првите три станици на патот Стоби — Скопје. Предложениот распоред на станиците од нив се поклопува со редот на станиците што е даден во Табулата, а изгледал вака: Stopis—VIII—Gurbita—XIII—Ad Cephalon—VIIII—Presidio. Како што се гледа, донде т. е. заклучно со 3. станица од Стоби, за споменатите научни работници не постоел проблем при реконструирањето на патот. Но оттаму т. е од станицата Ad Hercule и двајцата научни работници ја започнале поправката на делницата со поместување на следните станици на релацијата северно од Скопје т. е. на патот Scupi—Naissus. Ваквата поправка може да се објасни како настојување да се решат тешкотиите што се појавиле при реконструирањето од несогласувањето на збирот на бројките (т. е. римски милји) помеѓу Stobi и Scupi со денешната дистанца. Бидејќи збирот на римските миљи (т. е. оддалеченоста) помеѓу Stobi—Scupi (112 р. м.) е готово за два пати поголем од сегашната дистанца помеѓу Стоби и с. Злокуќани (85 км.) и двајцата научни работници се обиделе да ги усогласат двете дистанци со намалување бројот на римски миљи на релацијата Stobi—Scupi. Како што веќе реков, адекватниот збир на римски милји за денешната дистанца требало да се добие со прекројување

---

[1]) Н. Вулић, *Територија римског Скопља*, Гласник С. Н. Д. I/1. Скопље 1925, стр. 2, и 3. Подоцна Н. Вулиќ истото мислење го изнел и во статијата: *Географија Јужне Србије у античко доба*. Види: Гласник С. Н. Д. XIX. Скопље 1938, стр. 10.



Tabula Peutingeriana (Segm. VII и VIII). Репродукцијата е земена од Д. Ярановъ, *Карта на Македония*, София 1933.

на картата. И двајцата научни работници четвртата станица од Стоби по име Ad Hercule ја сместиле јужно од Naissus. Меѓутоа, на тоа место во Табулата е вцртана станица Ad Herculem. K. Miller и Н. Вулиќ се досетиле и ја идентифицирале првата со втората станица. Но, ако се загледа добро картата, се согледуваат и разлики помеѓу обете станици и тоа: во пишувањето (втората станица има на крајот буква „m"); во бројката (првата е оддалечена VIIII р. м. од Presidio, а втората XIIII р. м. од Naisso) и во начинот на забележување (првата станица е дадена во зарез, а втората со вињета). Споменатите научни работници ги префрлиле северно од Скопје и следните станици од патот Stobi—Scupi по име: Ad Fines VIII, непозната станица XXXII, Anausaro XII и Aquas. По прашањето за распоредување и убикација на станицата Aquas Н. Вулиќ дошол до оригинален и необјаснет заклучок. Тој се сложил со K. Miller во тоа што една бања сместил северно од Scupi. Но во поправката на Н. Вулиќ вцртана е бања и јужно од Scupi. Навистина денес има бања и јужно и северно од Скопје. Но, да се прави коректура базирана само врз сегашната положба на бањите, без да се покажат и други уверливи докази, е само обид за поправка, која не може адекватно да ја илустрира мрежата на комуникациите нити местоположбата на станиците во времето на постанокот на Табулата. Поправката на Н. Вулиќ може да се објасни како настојување да се дојде до саканиот збир на римски милји што би одговарал на денешната дистанца Скопје—Градско. Меѓутоа, во подесувањето на збирот Н. Вулиќ не отишол до крај по примерот на K. Miller, кој со префрлувањето на станиците добил неадекватна дистанца и поради тоа бил принуден да измислува нова (безимена) станица со измислени бројки за оддалеченоста помеѓу станиците. И покрај очигледните слабости поправката на Н. Вулиќ, со намалениот број на поместените станици, секако претставува еден прилог кој е близу до адекватната реконструкција на патот Stobi—Scupi.

Првата критичка забелешка кон поправката на Н. Вулиќ датира од 1957 год. Тогаш Фанула Папазоглу пишувајќи за македонските градови во римско време помеѓу другото го изнела и своето мислење за патот Stobi—Scupi. Навистина во првата белешка таа го дели мислењето на своите претходници дека „између Президија и Скупа уметнуте су у Табули неке станице које не припадају овој релацији . . ."[2]) Во втората белешка Фанула Папазоглу му забележува на Н. Вулиќ дека го продолжил патот за околу 14 км. „него што је право отстојање Скопље—Градско"[3]). Според нејзиното мислење ако се задржи XXI р. м. како точна бројка за одбележување на оддалеченоста на првата станица јужно од Scupi, тогаш патот Scupi—Stobi изгледал вака: Scupis—XXI—Praesidio—VIIII ad Cephalon—XIII—Gurbita—VIII—Stopis[4]). Како што се гледа

[2]) Фанула Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*. Скопје 1957, стр. 81, бел. 72.

[3]) Ф. Папазоглу, н. д., стр. 82, бел. 73.

[4]) Ibid.

Фанула Папазоглу во својата реконструкција ја изоставила ознаката на Н. Вулиќ — бања VIII. Според неа првата станица јужно од Скупи била Praesidio[5]). Фанула Папазоглу, на тој начин, тргнувајќи од една проблематична убикација на станицата Praesidio и држејќи се до неадекватната дистанца помеѓу Scupi и Stobi настојувала да пружи уверлива реконструкција на патот Scupi—Stobi. Меѓутоа, ако се ценат резултатите во оваа работа според усогласувањето на некогашната дистанца во римски милји со денешната дистанца во километри, тогаш пресметката на Н. Вулиќ испаѓа приближно точна. Фанула Папазоглу (а да не зборуваме за K. Miller) ја сократила дистанцата помеѓу Scupi—Stobi готово за 10 км. Во својата реконструкција таа ја зела оддалеченоста помеѓу Скопје и Градско, што изнесува 76 км. и испуштила од предвид да ја мери должината на нашиот пат од с. Злокуќани каде лежело Скупи (околу 4 км. од Скопје) па до урнатините на Стоби (на 5 км. од Градско). Н. Вулиќ веројатно ова нешто го имал предвид кога се решил да ја уфрли ознаката Aquas VIII северно од станицата Praesidio.

Меѓутоа поправката на Н. Вулиќ останала осамено мислење во науката. Научните работници што подоцна пишувале за патот Stobi—Scupi се определувале за поправката на K. Miller[6]) или на Фанула Папазоглу[7]).

## II

Нема сомнение дека без утврдувањето на местоположбата на распоредените станици е тешко да се изработи адекватна реконструкција на патот Stobi—Scupi[8]). Обиди за убикација на споменатите станици имало и порано. Така W. Tomaschek меѓу првите ја идентифицирал Curbita (sic) со Orowce am rechten Ufer des Wardar[9]),

---

[5]) Според мислењето на Ф. Папазоглу на иста оддалеченост би се совпаднале две станици, бидејќи по нејзината сметка Praesidium се наоѓал „негде код Катланова", а првата бројка XXI р. м. што ја дава Табулата јужно од Скупи упатува исто така на Катланово. Поради тоа Ф. Папазоглу се искажала „да је уметање станице на отстојању од XXI миље од Скупа немогуће", Ibid.

[6]) *Извори за българската история* II. София 1958, стр.23. Според мислењето на Редакциониот колегиум во Tabula Peutingeriana „има известно объркване на Via a Lisso per Naissum usque ad Ratiariam со Via a Naisso usque ad Thessalonicam". Во споменатата книга станиците на патот Scupis—Stobis се распоредени според поправката на K. Miller. Според забелешката 9 од н. д. дистанцата Scupi—Stobi изнесува 70 км. Со други зборови патот е сократен за 15 км.

[7]) Мирослава Мирковић, *Римски пут* Naissus—Scupi *и станице* Ad Fines. Жива Антика X 1—2. Скопје 1960, стр. 249. Според мислењето на М. Мирковиќ некои станици од римскиот пат Naissus—Scupi поместени се на патот Scupi—Stobi „забуном аутора Табуле Појтингериане, или још вероватније, грешком преписивача . . .".

[8]) Ив. Венедиков се искажал дека местоположбата на првите три станици од Стоби „може да се опредѣли само ако се знае презъ кѫде е минавалъ пѫтьтъ отъ Скупи къмъ Стоби". Види ја неговата студија: *Земитѣ по срѣдния Вардаръ*. Скопје 1943, стр. 43.

[9]) Wilhelm Tomaschek, *Wo lag Skupi, die Metropolis von Dardania?* Zur Kunde der Hämus-Halbinsel. Wien 1882, стр. 8. Не ми е познато каде лежел Orowce. Во близината на с. Црквино постои топоним Ореховец.

Ad Cephalon со Glawiče кај Бела Вода а станицата Praesidio ја барал спроти Бадер на реката Пчиња. По W. Tomaschek, научните работници што се занимавале со римскиот пат Stobi—Scupi покажале нови локалитети за споменатите станици. K. Miller станицата Gurbita ја поставил на местоположбата на Ногаевци, станицата Ad Cephalon ја убицирал на устието на реката Тополка во Вардар а станицата Praesidio ја барал кај Kožlje или Blače[10]). Според мислењето на J. Иванов станицата „Президи" се наоѓала од лева страна на брегот при устието на реката Пчиња во Вардар[11]). Н. Вулиќ во споменатата научна статија од сите таму распоредени станици ја локализирал само Aquas[12]) и тоа кај Катланово. За утврдувањето на местоположбата на другите станици секако треба да се земе предвид нададената бројка од VIII р. м. помеѓу Aquas и Presidio. Со други зборови локалитетот на станицата Presidio треба да се бара на околу 12 км. јужно од Катланово. Следователно би очекувале да се помрднат за толку километри и другите станици. Но Н. Вулиќ тоа не го направил веројатно поради ограниченоста на просторот до Градско. По прашањето за местоположбата на станицата Ad Cephalon се искажал и Миленко Филиповиќ. Тој ја идентифицирал споменатата станица со локалитетот Бела Вода во синорот на селото Новачани. Според него постои можност да се бара Praesidium северно од споменатиот локалитет веројатно у Руднику(?)[13]). Најодзади и Фанула Папазоглу се обидела да даде свој прилог за убикација на две станици од патот Stobi—Scupi. Според нејзи-

[10]) Konrad Miller, *Itineraria Romana*, Stuttgart 1916, стр. 571. Според K. Miller безимената станица што ја исконструирал и вцртал во поправката на 9 р. м. од Скупи треба да се бара кај с. Ибрахимовце (Ибраимово). Редакцијата на колективниот труд *Извори за бълīарскаīа исīория* II наполно ја примила убикацијата на K. Miller и истата ја пренела во споменатата книга на стр. 23.

[11]) Йорданъ Ивановъ, *Сѣверна Македония*, София 1906. Види: втора приложена карта. Покажаниот локалитет за Президи е така лош што не може да се земе предвид за убицирање на станицата. Според J. Иванов патот Scupi—Stobi водел само од левата страна на р. Вардар. Од поправката на K. Miller се добива впечаток дека споменатата комуникација се сечела со реката Вардар три пати!

[12]) Вињетата Aquas П. Лисичар погрешно ја читал како знак за „големата населба" и ја барал неосновано „во висина на денешниот Велес" (XXI р. м. упатуваат на Катланово, а до Велес има уште преку 20 км.). Според мислењето на П. Лисичар со вињетата е означена „веројатно Bylazora". (!) П. Л., *Најсīариоī сообраќај низ Македонија.* „Нова Македонија" X, бр. 2649 (Скопје, 24-V-1953). Забавен прилог бр. 17.

Кога веќе станува збор за вињетата *бања* треба да се укаже дека М. Мирковиќ погрешно ги парафразирала зборовите на Ф. Папазоглу што ги искажала таа на стр. 82, бел. 73 во врска со поправката на Н. Вулиќ внесена во тој дел на картата. Имено нити Н. Вулиќ нити Ф. Папазоглу вметнале „вињета бање на осмој миљи од Скопља". (М. Мирковиќ, н. д. стр. 252).

По прашањето за местоположбата на Aquas го бележиме и мислењето на Св. Радојчиќ. Според неговиот заклучок (т. е. на K. Miller и др.) „за оближње Куманово утврђено је да је у њему постојала римска statio — ad Aquas". Светозар Радојчић, *Црква у Коњуху.* Зборник радова Византолошког института књ. 1. Београд 1952, стр. 150.

[13]) Миленко Филиповић, *Северна белешка села* (Српски етнографски зборник књ. LI, Београд, 1935 стр. 508).

ното мислење Praesidium лежел „северно од ушћа Пчиње, можда око Катланова“[14]). Но, таму, на тоа место, на XXI р. м. од Скупи во Табулата е вцртана вињета на Aquas. Од совпаѓањето на две станици на исто место Ф. Папазоглу се ослободила многу едноставно. Таа ја задржала бројката XXI, а ја отфрлила вињетата за Aquas. Според нејзиното мислење не постои можност да се убицира станица на XXI р. м. од Скупи. Местоположбата на втората станица од Стоби по име Ad Cephalon Ф. Папазоглу ја убицирала кај Новачани. Според неа споменатата станица лежела на XXI р. м. од Стоби, а таа дистанца „одговара отприлике раздаљини Градско—Новачани“[15]). Меѓутоа, ако би се пресметнала дистанцата од урнатините на Стоби наместо од Градско тогаш местоположбата на Ad Cephalon би се поместила за 5 км. јужно од Новачани, близу до Титов Велес.

## III

Од дадениот преглед се гледа дека научните работници од 8-те вцртани станици во Табулата распоредиле јужно од Скупи 3 односно 4. По однос на убикацијата на споменатите станици Gurbita се барала на 2, Ad Cephalon на 2 и Presidio на 6 локалитети. Различните мислења по прашањето за распоредот и убикацијата на станиците укажува на потребата од понатамошно разгледување како на редот така и на местоположбата на сите станици што се вцртани во Табулата на патот Stobi—Scupi. Притоа за адекватна реконструкција на споменатата релација можат корисно да послужат како резултатите од досегашните испитувања така и нови рекогносцирања на теренот. Нема сомнение дека во оваа работа, ако се сака резултат, треба прво да се утврдат локалитетите на станиците па потоа да се распоредат станиците. За реконструкцијата на патот олеснителна е околноста што се знае каде лежеле станиците Скупи и Стоби. Со сигурност може да се утврди и местоположбата на онаа станица што е означена во Табулата со вињета на бања. Таа станица, прва на ред, била оддалечена XXI р. м. од Скупи. Како што е познато, на определената дистанца лежи Катлановска Бања. Во случајов нема основа за создавање проблем од утврдувањето на идентитетот на Aquas. Вињетата и бројката упатуваат токму на бањата кај Катланово. Таму на локалитетот и денес се видни трагови од старата бања. На ридот над денешната бања сѐ уште се распознаваат базените, делови од доводот на вода и степениште. На локалитетот растурени се таму ваму керамиди и делови на столбови од бел камен. На едно место стои уште урнатина од ѕид. Одделен интерес предизвикуваат траговите од стариот пат што се засечени во крастата. Впрочем кај Катланово е пронајден

---

14) Ф. Папазоглу, н. д., стр. 82. Меѓутоа, во белешката 73 (Дадена под текстот) изрично стои дека „Praesidium морао налазити негде код Катланова...“

15) Ф. Папазоглу, н. д., стр. 81.

миљоказ со ознака — Scup(i). milia. passus XX[16]). Сметам дека при постоењето на такви докази би било неосновано одбегнувањето да се идентифицира вињетата (Aquas) со бањата кај Катланово.

И на другиот дел од патот, откај Стоби, има можност да се утврди местоположбата на станицата што е вцртана на оддаленоста од 8 р. м. Споменатата бројка води на локалитет познат под име Главје. Месноста има убава положба и се наоѓа помеѓу селата Градско, Виничани и Водоврат. Главје изобилува со вода[17]). На теренот се сретнува керамида[18]). Сметам дека на месноста Главје би му одговарал грчкиот топоним Ad Cephalon. Меѓутоа, споменатата станица вцртана е во Табулата како втора и тоа на XXI р. м. од Стоби. На прв поглед навистина изгледа невозможно станицата Ad Cephalon да се доближи до Стоби и постави како прва на местото на Гурбита. Но, ако добро се загледа картата, паѓа в очи начинот на забележување на Gurbita. Шрифтот на името оди парарелно со шрифтот на имињата на другите станици а бројката е одделена од името. Се добива впечаток дека бројката VIII р. м. упатува кон станицата Ad Cephalon. Гледајќи ја потоа релацијата Stobi—Heraclea се забележува на линијата зарез веднаш до Стоби.

Според начинот на вцртување на други станици би се очекувало и таму (во зарезот) да стои име на станица и бројка за дистанца. Меѓутоа, на картата не е сигнирана станицата. Впрочем во науката се знае дека на споменатата релација не достасува една станица. Таа се барала досега на другиот крај од патот Stobi —Heraklea[19]).

---

[16]) Н. Вулић, *Антички споменици наше земље* (Споменик XCVIII, Београд 1948, бр. 438).

[17]) В. Радовановиќ го забележил за споменатото место следново: „На граници према водовратском удуту избија група извора Главје, одакле је спроведен водовод за станицу Градско; раније је на Главју воденица млела". Војислав Радовановић, *Тиквеш и Рајец* (Српски етнографски зборник кн. XXIX, Београд 1924, стр. 467).

[18]) Во близината на Главје се наоѓа Видин. За споменатото селиште В. Радовановиќ забележил ова: „На равништу између Свеђанске клисуре и Видин-Дола налази се селиште Видин, на коме се изоравају темељи кућа, ћерамиде, врчве, бирлаки (бакарни новци); са једног црквишта отуда су у новију џамију пренети мермерни тесаници, а за хукача стуб. Над Видином се издиже Белград". В. Радовановиќ, н. д., стр. 465.

Б. Јосифовска за локалитетот Видин (кај Б. Ј. „Видин град") надоврзува хипотеза, искажувајќи се дека градот Арг „можеби... се наоѓал... на месноста — Видин град". Борка Јосифовска, *Неколку неиздадени грчки и латински натписи од Македонија*, Жива Антика, год. III, том 1—2 (Скопје 1953) стр. 225. Види и Ф. Папазоглу, н. д., стр. 234/5.

[19]) Н. Вулиќ со оглед на разликата во дистанцата дадена во Табулата (47 р. м. што изнесуваат околу 70 км.) и денешната (100 км.) прави заклучок „да је у Tabula Peutingeriana испала једна варош". Според мислењето на Н. Вулиќ таа (варош) се викала Stybera и „вероватно је да је то име испало" од Tabula Peutingeriana. Н. Вулиќ, н. д., ГСНД XIX, стр. 10.

Исто така и Ф. Папазоглу ја идентифицирала изоставената станица со Стубера. До таков заклучок таа дошла „на основу тога што се код Географа Равенског.... спомиње место Istuberra међу осталим станицама на путу Стоби—Хераклеја". Повикувајќи се на „наведени литерарни подаци" Ф. Папа-

На мислење сум, кога станува збор за испуштената станица од Табулата, дека таа треба да си го најде местото веднаш до Стоби. Станицата веројатно се викала Gurbita (Cubita RA) и оддалечена била XIII р. м. од Стоби. Според бројката локалитетот би го локализирале околу долината на Курита помеѓу селата Рајец и Кесендре. Таму постои „селиште Желишта, по Турцима Девол—Касабаси“[20]). Сосема разбирливо дека со убицирањето на Гурбита во близината на локалитетот каде што се барала порано станицата Euristus би дошло до поместување на местоположбата на крајната станица за XII р. м. во правец кон Хераклеја[21]).

Како што се гледа, поправката на Табулата во споменатиот дел би била во поместувањето и сместувањето на Gurbita југозападно од Стоби (наместо северозападно, како што се земаше досега во науката).

Трета станица што би можела да се идентифицира и приближно да ѝ се определи местоположбата би била ad Fines. Познато е дека името означува пограничен топоним. Н. Вулиќ утврдил дека јужно од Скупи минувала „јужна граница Дарданије“ и тоа „између Praesidium и Ad Cephalon“[22]). И Ф. Папазоглу, врз основа на Tabula Peutingeriana и епиграфски материјал, ја повлекла границата „двеју провинција . . . . између Praesidium-а и ad Cephalon-а“[23]). Според досегашната убикација на споменатите станици за ad Cephalon се зема Велес како крајна местоположба на југ, а за Praesidium се зема Катланово како крајна местоположба на север. И ако сакаме границата да ја одбележиме според денешните локалитети, тогаш доаѓаат предвид сите места што лежат помеѓу Катланово и Титов Велес. Според Ф. Папазоглу границата минувала „јужно од Катланова, а северно од Новачана“[24]). На територијата помеѓу споменатите села лежат Кожле и Рудник. Границата секако минувала и покрај обете села. На она место, каде што се сечела граничната линија со патот Stobi—Scupi, треба да се бара станицата Ad Fines.

---

зоглу ја локализирала станицата Стубера на околу 16 км. „од Маркове Вароши..“ „код данашњег Чепигова“. Ф. Папазоглу, н. д., стр. 218—219. Денес во науката е утврдена местоположбата на Стубера. Меѓутоа се испушта од предвид дека споменатите научни работници работејќи врз реконструкцијата на патот Стоби—Хераклеја ја поместиле местоположбата на Керамија за 26 км. подалеку од она место, каде што нè упатува бројката. Според Tabula Peutingeriana станицата Ceramie лежела на 11 р. м. од Хераклеја.

[20]) В. Радовановиќ, н. д., стр. 515. Кај Кесендре е најден еден грчки споменик. Види: Н. Вулић, *Антички споменици наше земље*. Споменик 75, бр. 140.

[21]) Веќе K. Miller се обидел да ја локализира споменатата станица. Во *Извори за бълг. история* II, на стр. 24 (држејќи се за убикацијата на K. Miller) покажани се локалитети за местоположбата на Euristo („вероятно Фариш или Мрамор“). Според Н. Вулиќ „Euristus по даљини могло је бити код Дренова“ (Гласник СНД XIX, стр. 10). И Ф. Папазоглу станицата Euristus ја бара кај Дреново и тоа врз основа на дистанцата „од 12 римских миља које даје Табула“ Ф. Папазоглу, н. д., стр. 243.

[22]) Н. Вулиќ, н. д., ГСНД I/1 стр. 4. Таму ја покажува и јужната граница на скупска територија.

[23]) Ф. Папазоглу, н. д., стр. 82.

[24]) Ibid.

За убикација на станицата доаѓаат предвид селата Рудник, Кожле и Крушје. Точното утврдување местоположбата на станицата Ad Fines зависи не само од археолошките раскопки кај споменатите локалитети туку и од узнавањето каде патот префрлал преку реката Пчиња.

По идентификацијата на станиците Gurbita, ad Cephalon, ad Fines и Aquas станува полесно да се определи местоположбата и редот на другите станици што се вцртани во картата. Според Tabula Peutingeriana на IX р. м. од ad Cephalon лежела станицата Presidio. Покажаната дистанца упатува на селиштето Веноле[25]). Локалитетот се наоѓа јужно од устието на реката Бабуна во Вардар. Со својата положба Веноле е како створен да ја контролира комуникацијата што излегува од теснината на р. Вардар (јужно од Титов Велес). На тоа место се најдени врчви, керамиди и пари. Преостанките се скромни и од тоа може да се извлече заклучок за карактерот на некогашниот градежен објект. Се добива впечаток дека кај Веноле се наоѓала станицата Presidio.

На IX р. м. од Presidio во Табулата е вцртана станицата ad Hercule. Бројката (од IX р. м.) води кон локалитетот Бела Вода. Познато е дека на тамошниот терен се сретнуваат преостанки од керамиди и мермер. Покрај тоа таму постојат траги од стар водовод, а се наоѓаат и пари[26]). Веројатно дека се тоа преостанки од некогашната станица ad Hercule.

Северно од ad Hercule, на оддалеченост од 8 р. м. лежела станицата ad Fines. Со убикацијата и распоредувањето на ad Fines и другите станици се наложува менување на пограничните станици. Со поправката станиците Presidio и ad Cephalon се заменуваат со Aquas и ad Hercule. Дистанцата ad Hercule—ad Fines нам ни е позната од картата. Меѓутоа останува да се објасни оддалеченоста помеѓу станиците ad Fines и Aquas. На картата веднаш до вињетата (Aquas) е забележена бројката XII, па потоа името Anausaro и на крајот бројката XXXII (се чита и XXXV). Ако се загледа Табулата, се забележува дека ниту бројките ниту името на станицата не се дадени во зарез како што е тоа случај со другите станици до Стоби. Ваквиот начин на вцртување допушта да се мисли дека станува збор за еден спореден пат што се одделувал од Aquas[27]).

[25]) Селиште Веноле е забележено кај В. Радовановиќ, н. д., на стр. 169 и 473.

[26]) М. Филиповиќ, н. д., стр. 508.

[27]) Делницата Scupis—Hammeo (Naisso) на картата е вцртана без имиња на станици и бројки. Според мислењето на K. Miller, Н. Вулиќ и др. патот што водел од Naisso за Scupi се одделувал од станицата ad Herculem. Таму на таа комуникација споменатите научни работници ја убицирале Anausaro покрај другите „сувишни" станици. Слабата страна на предложената поправка се состои во измислување на станица, во неадекватноста на некогашната со денешната дистанца и во произволното убицирање на Aquas.

Според мислењето на М. Мирковиќ патот од Scupi за Naisso водел преку Viciano т. е. преку Косово. Во нејзината поправка Anausaro напоредо со станиците ad Hercule и ad Fines поместени се на патот Scupi—Viciano. Меѓу-

Веројатно патот што водел покрај бреговите на Пчиња и Крива Река се надоврзувал со трансверзалниот пат Heraclea—Stopis—Sertica. И како што постоела врска од Хераклеја т. е. од Стоби за Сердика и од Љеш[28]) (преку Ниш) за Сердика така и од Скупи имало пат што водел во Сердика[29]). На таа комуникација на XII р.м. од Aquas лежела станицата Anausaro. Со оглед на бројката станицата веројатно се наоѓала кај с. Пчиња или кај с. Добрешане. Во близината на селото Добрешане најдени се преостанки од стар пат[30]). Во Добрешане и денес се сретнуваат трагови од антично селиште. Се добива впечаток дека блиску до Anausaro проаѓала граничната линија[31]).

Втората станица на овој спореден пат е вцртана без име. Таа секако се наоѓала некаде во Славиште. Но бројката од 32 р. м. не дава можност точно да се определи местоположбата на станицата За утврдување на локалитетот потребни се испитувања на теренот[32]).

Како што се гледа со поправката првата станица од патот Stobi—Scupi по име Gurbita се поместува на патот Stobi—Heraclea како прва станица. Втората станица од патот Stobi—Scupi по име ad Cephalon се поместува како прва станица до Стоби; третата станица Presidio се поместува како втора станица до Stobi; четвр-

---

тоа, една од „сувишните" станици (што е означена со вињета на Aquas) не си го нашла местото меѓу споменатите станици. Во врска со местоположбата на споменатата станица е сосема произволно тврдењето на М. Мирковиќ дека станицата Aquas „уместо код станице ad Fines која се налазила између градова Naissus и Vicianus... je грешком доспела код станице ad Fines између Viciana и Scupi-a". (М. Мирковиќ, н. д., стр. 253).

Веднаш треба да се укаже дека споменатата грешка не е никаде досега регистрирана.

[28]) Во средниот век патот Љеш—Софија водел преку Липљан, Ново Брдо и Врање. Види Зборник Константина Јиречека I. Београд 1959 стр. 281.

[29]) K. Patsch знае за патот Philippopol—Germane—Pautalia—Scupi. Carl Patsch, *Beiträge zur Völkerkunde von Südosteuropa* V/1. Wien und Leipzig 1932 стр. 13 и 22.

[30]) Милован Кокић, *Нови трагови Митрина култа у Јужној Србији.* Гласник СНД XII (Скопље 1933) стр. 2.

[31]) Во Куманово и с. Лопате најдени се натписи со следната содржина:

а) D(eo) S(oli) M(ithrae) Fano mag(no) pro sal(ute) Aug[g(ustorum)] n(n) (=nostrorum duorum) Apollonides eorund(em) vect(igalis) Illyr(ici) (contra)-sc(riptor) stat(ionis) Vizi(ani): v(otum) s(olvit) l(ibens) m(erito).

б) (Deo) inv(i)c(to) (pro) sal(ute) Aug[g(ustorum)] n(n) (=nostrorum duorum) templum vetustate dilapsum inpendio suo restituit Apollonides eor(undem) ser(vus) sc(rutator) sta(tionis) Lamud. Gentiano et Bass(o) co(n)s(ulibus). Н. Вулиќ, н. д., Гласник СНД XIX, стр. 13. За натписот најден во Куманово Ј. Хаџи Васиљевиќ забележил дека потекнува од Доброшане или од Клечовци Ј. Х. Васиљевиќ, Јужна Стара Србија I (Београд 1909) стр. 404.

[32]) Патот Scupi—Serdica веројатно проаѓал покрај античните селишта кај Клечовци и Коњух. Поради тоа испитувањата треба да се прошират и на тој терен. За теренските испитувања кај Коњух види Св. Радојчиќ, н. д., стр. 150 и нат. и Константин Петров, *Штукодекорација од Коњух.* Зборник на Археолошкиот музеј II. Скопје 1954, стр. 31.

тата станица по име ad Hercule се поместува како трета станица до Стоби и петтата станица по име ad Fines се поместува како четврта до Стоби. Од другата страна на патот, откај Скупи прва станица на ред е Aquas. Станиците Anausaro*) и непознатата се распоредуваат на спореднио пат што се одделувал од Aquas и водел кон патот Heraclea—Stobi—Serdica.

*Скопје* *Т. Томовски.*

---

## *ZUSAMMENFASSUNG*

### *T. Tomovski*: BEITRAG ZU EINER REKONSTRUKTION DER STRECKE SCUPI—STOBI AUF DER TABULA PEUTINGERIANA

Die Peutingersche Tafel auf der Straße von Scupis bis Stopis hat 7 Zwischenstationen. Die einzelnen Stationen sind: Scupis —XXI — Vignette eines Bades— XII — Anausaro — XXXII — Ad Fines — VIII — Ad Hercule — VIIII — Presidio — VIIII — Ad Cephalon — XIII — Gurbita — VIII — Stopis.

Nach meiner Meinung führte die Straße von Scupis zunächst nach Ad Cephalon VIII r. M. (jetzt Glavje am rechten Ufer des Vardar), dann weiter nach Presidio VIIII r. M. (jetzt Venole am rechten Ufer des Vardar, südlich von der Einmündung der Babuna in den Vardar), Ad Hercule VIIII (jetzt Bela Voda nördlich von T. Veles nach der Überschreitung des Vardar) und Ad Fines VIII (wahrscheinlich Rudnik oder Kožle). Die erste Station von Scupis ist Aquas XXI (jetzt das Bad bei Katlanovo). Bei der genannten Station mündete eine Nebenstraße, welche aus Sertica kam. Die Stationen auf der Strecke sind Anausaro XII (wahrscheinlich Pčinja oder Dobrešane, rechts von der Einmündung der Kumanovska Reka in die Pčinja) und eine unbekannte Station XXXII. Die Station Gurbita liegt an der Strecke Stopis — Heraclea (im Tal der Kurita bei Kesendre).

*) Во прилозите што следуваат даден е преглед на досегашните поправки на Табулата, потоа моето читање, како и преглед на локалитетите за станиците од Табулата што се покажани од страна на испитувачите.

Поправка на Tabula Peutingeriana на патот Скупи—Стоби

| | Дистанца | |
|---|---|---|
| | во р. м. | во км. |
| Според K. Miller | | |
| Scupis — VIIII — непозната станица — VIII — Presidio — VIIII — Ad Cephalon — XIII — Gurbita — VIII — Stopis... | 47 | c. 70 |
| Според Н. Вулиќ | | |
| Scupis XXI — бања VIII — Presidio VIIII — Ad Cephalon XIII — Gurbita VIII — Stopis... | 59 | c. 87 |
| Според Ф. Папазоглу | | |
| Scupis — XXI — Praesidio — VIIII — ad Cephalon XIII — Gurbita — VIII — Stopis*... | 51 | c. 76 |

| | |
|---|---|
| *Железничката пруга Скопје—Стоби е долга... | 81 km. |
| Должината на патот Скопје—Злокуќани изнесува... | c. 4 km. |
| Колскиот пат Скопје—Градско е долг... | 77 km. |

Предлог за читање на Tabula Peutingeriana на патот Скупи—Стоби

| Вцртани станици во Табулата | Моето читање на Табулата | | |
|---|---|---|---|
| SCUPIS | | SCUPIS | |
| XXI | | XXI | |
| вињета на бања | | бања | |
| XII | | ? | XII |
| ANAUSARO | | →AD FINES | →ANAUSARO |
| XXXII | | VIII | XXXII |
| AD FINES | | AD HERCULE | k |
| VIII | | VIIII | o |
| AD HERCULE | | PRESIDIO | n |
| VIIII | | VIIII | ↓ |
| PRESIDIO | | AD CEPHALON | SERTICA |
| VIIII | | VIII | |
| AD CEPHALON | | STOPIS* | |
| XIII | XIII | | |
| GURBITA | GURBITA← | | |
| VIII | XII | | |
| STOPIS | EURISTO | | |
| | XXIIII | | |
| | CERAMIS | | |
| | XI | | |
| | HERACLEA | | |

*) Како што се гледа, се покажува разлика од околу 4 км. меѓу некогашната и денешната дистанца. Можеби е разликата и поголема ако се има предвид дека античниот пат не се поклопувал со патот Скопје—Градско. Во секој случај добиената разлика ја означува незабележената дистанца меѓу станиците Aquas — Ad Fines.

Убикација на станиците што се вцртани во Табулата меѓу Scupis—Stobis

| | GURBITA | AD CEPHALON | PRESIDIO | AD HERCULE | AD FINES | AQUAS | ANAUSARO | Станица X |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Според W. Tomaschek* | Orowce | Glawiče кај Бела Вода | спроти Бадер | | | | | |
| Според K. Miller** | Ногаевци | кај Kjoprülu | Кожле или Блаце | | | | | |
| Според J. Иванов | | | кај устието на р. Пчиња | | | | | |
| Според М. Филиповиќ | | Бела Вода | Рудник? | | | | | |
| Според Н. Вулиќ*** | | | | | | Кај Катланово | | |
| Според П. Лисичар | | | | | | кај Т. Велес | | |
| Според Ф. Папазоглу**** | | Новачани | Катланово | | | | | |
| Според Т. Томовски | кај Кесендре | Главје | Веноле | Бела Вода | ? | кај Катланово | Пчиња или Добрешане | ? |

*) W. Tomaschek станиците Ad Herculem, Ad Fines, Anausaro, Praetorio и Scupis ги локализирал северно од Скопје.
**) K. Miller станиците Ad Hercule, Ad Fines, Anausaro и Aquas ги убицирал северно од Скопје.
***) Н. Вулиќ споменатите станици ги распоредил на патот Скопје—Ниш.
****) Ф. Папазоглу споменатите станици ги поместила на патот Скопје—Ниш.